/

Архивски знак:___________
Рок на чување:___________год.
___________20___год.
Потпис,
___________

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**
**Бр. УП1 32-209**/2021
03.02.**20**22**год.**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. За проекти од национален интерес во културата за 2022 година кои се содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на **Националната установа Конзерваторски центар - Скопје** за 2022 доставена до Министерството за култура под бр.УП1 32-209 од 02.07.2021 година и УП1 32-209 од 16.07.2021 **СЕ ИЗБИРААТ** следните проекти:

- од областа на **заштита на недвижното културно наследство:**

1.1. Увид во состојбата на спомениците на културата во Скопје и Скопско - непланирани увиди кои се однесуваат за било кои споменици од сакрален и профан карактер, износ на средства 10.000,00 денари;
1.2. Увид во спомениците на културата во Скопје и Скопско и тоа:црква Св.Богородица, с.Матка, црква Св.Андреа, с.Матка, црква Св.Атанасие, с.Шишево, скопско, црква Св.Пантелејмон, с.Нерези, скопско, Мустафа Пашина џамија, Султан муратова џамија, Св.Никола, Радишани, Св.Андреа, с.Горњани, Ѓулшен амам, Комплекс Партизански гробишта, износ на средства 10.000,00 денари;
1.3 Увид во состојбата на археолошки локалитети за 2022 година, износ на средства 10.000,00 денари;
1.4. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Безистен, Скопје износ на средства 15.000,00 денари;
1.5. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Капан Ан, Скопје износ на средства 15.000,00 денари;
1.6. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Куршумли Ан, Скопје износ на средства 10.000,00 денари;
1.7. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Мурат Пашина Џамија,Скопје износ на средства 15.000,00 денари;
1.8. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство -Џамиски комплекс, Мустафа Пашина Џамија, Скопје износ на средства 10.000,00 денари;
1.9. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Чифте Амам, Скопје износ на средства 10.000,00 денари;
1.10. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - Сули Ан,Скопје износ на средства 15.000,00 денари;
1.11. Елаборат за ревалоризација на недвижно културно наследство - црковен комплекс Св.Спас, Скопје износ на средства 10.000,00 денари;

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
СКОПЈЕ-SHKUP
Примено: / E pranuar: 10.02.2022
Орг. единица / Njësia Org.
03 179/1

1.12. Елаборат за валоризација на црква Св.Спас- Бразда, износ на средства 10.000,00 денари;
1.13. Елаборат за валоризација на археолошки локалитет Дрма -Бадар, износ на средства 15.000,00 денари;
1.14. Изработка на основни евиденции за недвижно културно наследство, износ на средства 50.000,00 денари;
1.15. Изработка на заштитни евиденции на културно наследство, износ на средства 50.000,00 денари;
1.16. Истражувачки работи за изработка на проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Успение на Пресвета Богородица - Матка, Скопје износ на средства 40.000,00 денари;
1.17. Истражувачки работи за изработка на проект за конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во црква Успение на Пресвета Богородица - Матка, Скопје износ на средства 40.000,00 денари;
1.18. Изработка на проект за ревалоризација на раноантичката монументална гробница во с.Бразда износ на средства 10.000,00 денари;
1.19. Реализација на Основен проект за конзерваторско - реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје износ на средства 5.000.000,00 денари;
1.20. Реализација на проект за конзервација и реставрација на куќата - спомен дом на Лазар Личеновски Скопје износ на средства 1.000.000,00 денари;
1.21.Реализација на Конзерваторски проект за конзерваторско - реставраторски работи на архитектурата на црквата Св.Спас во Скопје, културно добро во опасност износ на средства 200.000,00 денари;
1.22. Реализација на Проект за конзервација и реставрација на 40 икони и иконостас во црквата Св.Спас, Скопје износ на средства 100.000,00 денари;
1.23. Реализација на проект физичко обезбедување на установата со ангажирање на Агенција за обезбедување износ на средства 900.000,00 денари;
1.24. Реализација на Основен проект за конзервација и реставрација на фасадите на куќата на ул.Наум Наумовски Борче бр.88 КП 5391 Скопје износ на средства 700.000,00 денари;
1.25. Изработка на 5 ЗКО, во надлежност на НУ Конзерваторски центар - Скопје (според член 71 став 4 од Законот за заштита на културното наследство) , износ на средства 120.000,00 денари;

Проекти отпочнати во 2021 година и истите продолжуваат во 2022 година:

Програма 50-заштита на недвижно културно наследство:

1.26. Реализација на основен проект за конзервација и реставрација на фасадите на недвижното културно добро на ул. „Наум Наумовски Борче" бр.88 КП 5391, Скопје, износ на средства 78.472,00 денари;
1.27. Реализација на веќе изготвен основен проект со сите неопходни фази: архитектура, статика, машинство, водовод, електрика и партнерно уредување, како и ППЗ и ХТЗ заштита на објектот „Куќа на Лазар Личеноски" во Скопје на ул. „Лазар Личеноски" бр. 25 КП 9549 со видеонадзор, износ на средства 1.262.814,00 денари;
1.28. Проект за конзервација и реставрација на ѕидно сликарство во црквата „Св. Никола", Љуботен, трета фаза (последна), износ на средства 200.000,00 денари;

1.29. Реализација на основен проект за конзерваторско-реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје, износ на средства 5.000.000,00 денари;
1.30. Реализација на проект за конзервација и санација на деградациите констатирани кај дел од теренот и темелните партии во непосредна близина на влезот во подземните тунели, како и дел од партерот во атриумскиот простор во споменикот на културата црква „Св. Спас" во спомeничната целина Стара скопска чаршија, износ на средства 72.000,00 денари;
1.31. Реализација на проект за физичко обезбедување на установата со ангажирање агенција за обезбедување, износ на средства 162.249,00 денари;

2. Проектот/ите содржан/и во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Конзерваторски центар - Скопје за 2022 доставена до Министерството за култура под бр.УП1 32-209 од 02.07.2021 година и УП1 32-209 од 16.07.2021 од областа на

**- заштита на недвижното културно наследство:**
2.1. Непланирани увиди на археолошките наоѓалишта за 2022 година;
2.2. Проект -План за ревитализација на ШЕН ЃУЛ (ЃУЛ ШЕН) АМАМ;
2.3. Реализација на Основен проект за конзервација, реставрација и санација на апсидата на црквата Св.Никола Љуботен, Скопско;
`2.4. Заштитни археолошки истражувања на евидентираното археолошко наоѓалиште Св.Спас, Градиште ЕНД 4-834-023/37 како неопходни и наменски истражувања за изготвување на Елаборат за валоризација;
2.5. Реализација на Основен проект за поставување на видео надзор во црквата Св.Спас, музејската поставка на Г.Делчев, гробот на Г.Делчев и во деловните простории на установата;
2.6. Реализација на проект за конзервација и реставрација на фрескоживописот на црквата Св.Никола во с.Љуботен, Скопско;
2.7. Реализација на проект за поставување на транзени и внатрешно малтерисување во црквата Св.Никола с.Љуботен, Скопско;

**- музејската дејност и заштита на нематеријално културно наследство:**
2.1 Брошура - Стара скопска чаршија;

**СЕ ОДБИВААТ.**

3. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2022 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.
4. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната

година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 14.06.2021 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2022 година.

Националната установа Конзерваторски центар - Скопје за 2022 со допис бр.УП1 32-209 од 02.07.2021 година и УП1 32-209 од 16.07.2021 до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2022 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Северна Македонија.

Комисијата за **заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра** за 2022 година до министерот за култура достави Извештај бр.53-11910/15 од 11.11.2021 година и Извештај бр. 32-437/1 од 13.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа Конзерваторски центар - Скопје предложи проектите од точката 1 од диспозитивот на ова решение да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2022 година.

Комисијата за **заштита на недвижното културно наследство и заштита на аудиовизуелните добра** за 2022 година до министерот за култура достави Извештај бр.53-11910/15 од 11.11.2021 година и Извештај бр. 32-437/1 од 13.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа Конзерваторски центар - Скопје предложи проектите од точката 2 на ова решение:

- Непланирани увиди на археолошките наоѓалишта за 2022 година ;
- Проект -План за ревитализација на ШЕН ЃУЛ (ЃУЛ ШЕН) АМАМ;
- Реализација на Основен проект за конзервација, реставрација и санација на апсидата на црквата Св.Никола Љуботен, Скопско;
- Заштитни археолошки истражувања на евидентираното археолошко наоѓалиште Св.Спас, Градиште ЕНД 4-834-023/37 како неопходни и наменски истражувања за изготвување на Елаборат за валоризација;
- Реализација на Основен проект за поставување на видео надзор во црквата Св.Спас, музејската поставка на Г.Делчев, гробот на Г.Делчев и во деловните простории на установата;
- Реализација на проект за конзервација и реставрација на фрескоживописот на црквата Св.Никола во с.Љуботен, Скопско;
- Реализација на проект за поставување на транзени и внатрешно малтерисување во црквата Св.Никола с.Љуботен, Скопско;

да се одбијат од следниве причини: Проектите не се во согласност со утврдените ***Критериуми и мерила од областа на недвижното културно наследство*** односно отстапуваат од степенот на загрозеност на културното добро; степенот на значење на културното добро; режимот на заштитеното културно наследство; континуитетот на проектите; квалитетот на елаборација на проектите; степенот на подготовка и образложеност на проектите; поседувањето на кадровски капацитет за реализација на проектите и реалниот приказ на неопходни средства за реализација на проектите.

Комисијата за **музејска дејност и заштита на нематеријалното културно наследство** за 2022 година до министерот за култура достави Извештај бр.31-11888/13 од 10.11.2021 година и Извештај бр. 31-295/1 од 10.01.2022 година со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на националната установа Конзерваторски центар - Скопје предложи проектот од точката 2 од ова решение:

- Брошура - Стара скопска чаршија;

да се одбие од следниве причини: Проектот *Брошура - Стара скопска чаршија* не е усогласен со бараните приоритети на Конкурсот, нема адекватно и издржано објаснување, без јасна цел во делот за оценка на квалитет на содржината и образложеност на проектот, како и проект во кои не можеше да се препознае интересот на националната култура и проект со не реален и неиздржан буџет, односно недоволно образложение на буџетот на проектот и негова оправданост и реалност.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР

Бисера Костадиновска-Стојчевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА-MINISTRIA E KULTURËS СКОПЈЕ SHKUP

Доставено до:
-Националната установа
- архивата на Министерството за култура

Подготвил: Марина Тасева, помлад соработник
Ibush Abazi, советник
Согласен: Afed Jashari,,Пом.раководител на сектор
Одобри: Оливера Ливриниќ, Раководител на Сектор
/мнд